| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Во нашата градинка |
| **Содржина на денот** | Мојата омилена играчка |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за хигиената на играчките и рацете при нивно користење, како и селектирање на чисти и валкани играчки.<br>Тука ќе се повтори колку е важно нашите раце да бидат постојано чисти, како треба да ги миеме (сл.1) и колку е тоа важно за нашето здравје. Исто така и играчките треба да ни бидат чисти, уредни, да не ги ставаме во уста, да ги чуваме и секогаш кога ќе ги извалкаме играчките да побараме помош од нашите родители, играчките добро да се измијат (слика 2). |
| **Активности** | 1. Мојата омилена играчка<br>Подредете ги играчките во собата на детето, сите да бидат пред него и започнете разговор кои играчки ги сака (слика 3) , со кои играчки највеќе сака да си игра (поттикнувајте го детето да разговара,да ги именува, да ги опишува со свои зборови) и која му е омилена играчка и зошто ја сака најмногу (секогаш кога зборува детето внимателно слушајте го, не го прекинувајте и дајте му време да се искаже, потикнувајте го да користи правилни реченици). (Слика 4)<br>Потоа може да му предложите да играте разни имитативни игри со играчките (според интересот на детето) на пример-„ Да ги нахраниме куклите“;- „Да изградиме гаража за автомобилите“; Игра-„ Продавница“, „На доктор“ и сл.(слика 5).<br>Кога ќе завршите со играта насочувајте го детето да си ги собере и стави на место своите играчки, со посебен акцент на тоа – играчките што се извалкале за време на играта да се стават на посебно место за подоцна заедно да ги измиете.<br>На крај на детето може да му дадете боички и лист да ја нацрта својата омилена играчка или играчката што сака да ја има (слика 6). И секако откако ќе завршите со активностите рацете добро да се измијат со вода и сапун. |